Без ефикасно извршување нема добра инвестициска клима

Извршителот е своевидно сврзувачко ткиво меѓу правото и економијата, а ефикасното извршување е еден од клучните фактори за економскиот развој, велат во Комората на извршителите

Ефикасното судство и ефикасното извршување на судските одлуки ги редуцираат ризиците за компаниите и во исто време ги мотивираат да донесуваат деловни одлуки за инвестирање. Деловните субјекти внимателно ги следат правната сигурност и гаранциите за извршувањето пред да пристапат кон инвестиции. Ефикасното извршување подразбира правна сигурност и, оттука, процесот на извршување мора да биде ефикасен, а правото на извршување да биде на високо рамниште. Како што нагласува Меѓународната унија на извршители, извршителот претставува линк помеѓу правото и економијата, а извршувањето на извршните исправи, особено кога се судски пресуди, претставува еден од клучните фактори за економскиот развој.

- Кога разговараме на темата за влијанието на ефикасното извршување и правната сигурност врз инвестициите и работењето на деловните субјекти, од трговско-правен аспект, основна претпоставка за успешно деловно работење е очекувањето дека страните во договорните односи ќе ги исполнат преземените обврски. На тој начин деловните субјекти може да ги приспособат своите очекувања и планирања што би се однесувале и на нивните идни инвестициски зафати. Ако некоја од страните постапи несовесно во извршувањето на својата обврска, основен императив за другата страна е да постои ефикасен правен систем во кој ќе биде обезбедена нејзина заштита, како во поглед на судската процедура, така и во поглед на следната фаза, односно извршувањето на судската одлука - вели Дарко Спасевски, доцент на правниот факултет „Јустинијан Први“.

Значењето на целиот овој сегмент, според Спасевски, може да се огледа и во важноста што му се придава во различните глобални мерења и оценување на деловното опкружување.

- Во рамките на извештајот Дуинг бизнис на Светската банка, посебен сегмент му е посветен на извршувањето на договорите, каде што преку неколку параметри се мери ефикасноста на судскиот систем во овој поглед. Генералната перцепција што ја дава овој извештај е дека земјите во кои системот на владеење на правото е цврсто изграден, имаат економии што се базирани на ефикасни и функционални пазарни механизми - појаснува нашиот соговорник Спасевски.

За професорот на Економскиот факултет при УКИМ, Методија Несторовски, правната сигурност и ефикасното извршување претставуваат едни од клучните прерогативи за бизнис-климата во земјата, а со тоа и за обезбедувањето на инвестициите.

- Кога станува збор за инвестиции и странски инвеститори, во сите методологии кога се испитува привлечноста или одбивноста на средината во која влегуваат странските инвестиции во националната економија, без исклучок, дали се работи за испитувања од страна на познати светски реномирани куќи или за Светската банка, на правната сигурност секогаш ѝ се дава особено значење. Всушност високите поени на нејзиното оценување ѝ припаѓаат на правната сигурност. Аспектот на правната сигурност на инвеститорите е присутен затоа што тој претставува еден од многу значајните елементи што се поврзани со конкретното функционирање на политичко-правниот систем. Во поглед на тоа, испитувањето и следењето на состојбата во тој дел постојат неколку компоненти што се поврзани со правната сигурност - вели професорот Несторовски.

Тој смета дека од гледиште на правната сигурност постојат неколку компоненти што се поврзани со правната сигурност. Кај инвеститорите, посочува професорот, најпрво е присутен мониторингот на административните пречки, потоа делот на заштитата на извршувањето на правните комуникации, примената на системските закони, функционирањето на судството и ефикасноста на извршувањето на судските одлуки.

- Во таа насока, аспектот на административните пречки означува следење на прашањата поврзани со формирањето на бизнисот, добивањето разни дозволи и решенија поврзани со локацијата и вклопувањето во опкружувањето, заштитата на животната средина, како и работните односи. Овој комплекс прашања се првите чекори на анализирање без кои нема влез на инвеститорите. Понатаму, како што напоменав, за инвеститорите се значајни заштитата на правната комуникација и заштитата на извршувањето на договорите меѓу компаниите. Странските инвеститори релативно малку се поврзани со домашниот пазар и тие врски се акцесорни. Иако во тој дел нема директна комплементарност, сепак настануваат врски со домашните субјекти, кои, пак, работат според домашното законодавство - истакнува професорот Несторовски.

Во таа насока, според неговото мислење, инвеститорите го испитуваат и домашното законодавство и оценуваат колку законодавството е комуникативно со општите принципи во правните системи во светот или, пак, во земјите од каде што доаѓаат.

- Исто така, странските инвеститори ѝ посветуваат особено внимание на правната сигурност. Гледаат дали нивните инвестиции се заштитени со спогодби. Може да се каже дека Македонија напредува во тој дел. А тоа се гледа од многубројните потпишувања на спогодбите за заштита на инвеститорите, кои континуирано се ратификуваат во македонскиот парламент. Треба да се нагласи дека овие спогодби се голема гаранција за заштита на инвеститорите и му придаваат особена важност на тоа прашање - вели Несторовски.

Тој додава дека инвеститорите го следаат и функционирањето на системските закони што се однесуваат на трговските друштва, финансиското работење, девизното работење, слободата на приливите и одливите на средствата, слободата на повратноста на профитот. Овие аспекти на законодавството, според Несторовски, се доста стандардизирани во меѓународната практика, но кај инвеститорите секогаш постои интерес да ја испитаат и таа сфера.

- Било да се работи за прашања поврзани со нарушување на правото на сопственост или, пак, облигационите односи, секогаш се гледа каков е протокот на судските процеси и предметите. Ефикасноста на правосудниот систем во овој дел се следи многу. Меѓународните критериуми за судството се мошне важни и јасно потенцирани. На пример, колку денови се потребни за да се реши еден спор и каква е ефикасноста на извршувањето на судските одлуки. Значи, ова се работи што постојано се следат и инвеститорите, анализирајќи го тој сегмент, го проценуваат ризикот за работење. Според тоа, прашањето на правната сигурност и ефикасното извршување на судските одлуки е прашање за кое е повеќе од потребно да се расправа за да се постигне една генерална ефикасност во сите сегменти на правниот систем. Тој елемент ќе повлијае дека имаме подобра и поприфатлива инвестициона клима - смета Несторовски.

Во Глобалниот индекс на извршување на Меѓународната унија на извршители се посочува дека ефективното извршување придонесува за правната сигурност и оти недостатоците во системот на извршување резултираат со слободни форми на „приватна правда“, кои потоа придонесуваат за губење на кредибилитетот на правниот систем.

Комплексноста на трошоците на регулираните процеси, постапките, одложувањата и трошоците за решавање на стопанските спорови, како и стапката на наплата, имаат директно влијание врз економскиот развој, посочуваат од Меѓународната унија на извршители.

Во извештаите на Светската банка во Глобалниот кодекс на извршување се нагласува дека бизнисите се суштински вектори за конкуренцијата, порастот и отворањето работни места и затоа мора да им се даде соодветна правна средина ако се сака тие да се развиваат.

Зоран Нарашанов, претседател на Европската бизнис-асоцијација, вели дека Македонија како мала земја поминува низ период на транзиција, па правната сигурност, градењето на вредностите и довербата во правниот систем и правичното спроведување и извршување на судските одлуки се особено значајна нишка во сите деловните потези и одлуки на деловните субјекти, без оглед дали се домашни или странски.

- Секако, правната сигурност и ефикасното извршување на судските одлуки имаат влијание врз инвестициите во земјата и адекватните бизнис-одлуки и стратегии за развој. За жал сè уште има недоверба во некои институции, па и во судскиот систем. Но сметам дека ова се должи повеќе на неуедначена судска практика, индивидуалната бавност и неажурност, но не сметам дека се доведени во прашање квалитетот и стручноста на нашите судови, дури напротив. Сепак, понекогаш долгиот период до крајниот исход на постапките носи трошоци и инвестиција во нив. Убеден сум дека секој инвеститор како еден од низата аргументи за инвестиција во нашата држава е заинтересиран за спроведувањето на законите и владеењето на правото - рече Нарашанов.

Елена Милевска-Штрбевска, оперативна директорка во Стопанска комора на Македонија, вели дека извршувањето судска, нотарска, административна или арбитражна извршна одлука е сложен и одговорен процес.

- Со извршувањето се остварува целите на постапката, а крајна на секоја постапка е извршување на донесената одлука, независно дали се работи за судска, арбитражна или управна постапка или постапка пред нотар. Од аспект на бизнис-заедницата, од клучно значење е ефикасното функционирање на системот на заштита на правата, што особено се однесува на присилната наплата на побарувањата. Овие прашања не само што директно влијаат на ликвидноста на компаниите туку непосредно се одразуваат и на резултатите на нивното работење и врз плановите за инвестирање - истакнува Милевска-Штрбевска.

Страницата е подготвена во соработка со Комората на извршители на РМ.
Инфо и контакт: 02/3239 877 e-mail: kirm@kirm.mk